# Б-Интегрирана еколошка дозвола

**Друштво за производство, сточарство, свињарство, трговија и услуги ДАНГАЛ 09 ДООЕЛ извоз увоз Велес ул. Кирил Пејчиновиќ бр. 20 Велес**

**Инсталација за интензивно свињарство**

**Дозвола бр. 08-2997/8**

08. 11. 2019

# Содржина

Б-Интегрирана еколошка Дозвола....1

Содржина ....2

Вовед ....3

Дозвола ....8

1 Инсталација за која се издава Дозволата....9

2 Работа на инсталацијата ....104
2.1 Техники на управување и контрола ....14
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)....14
2.3 Ракување и складирање на отпадот....16
2.4 Преработка и одлагање на отпад....20
2.5 Спречување и контрола на хаварии....20
2.6 Мониторинг....21
2.7 Престанок со работа....21
2.8 Инсталации со повеќе оператори....22

3 Документација....23

4 Редовни извештаи....25

5 Известувања ....26

6 Емисии....27
6.1 Емисии во воздух....27
6.2 Емисии во почва....28
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)....30
6.4 Емисии во канализација....31
6.5 Емисии на топлина....31
6.6 Емисии на бучава и вибрации....31

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води....32

8 Програма за подобрување....33

9 Договор за промени во пишана форма....35

Додаток 1....36

Додаток 2....37

ОПШТИНА ВЕЛЕС
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС

Инсталацијата за чување и одгледување на свињи претставува една заокружена целина и се одвива во соодветен број на простории согласно прифатената технологија и фазите на одгледувањена свињи. Во инсталацијата дефинирани се следниве простории:

-Тов 1А претставен со централен ходник со боксови од лева и десна страна со капацитет за 250 товеници,

-Тов 2А претставен со страничен ходник и 4 простории т.н товилишта со капацитет за 600 товеници,

-Б-фаза претставена со централен ходник и боксови од лева и десна страна со капацитет за 400 прасиња до 25кг, и

-Единица за маторици претставена со: чекалиште со две простории за 98 маторици, припустилиште со групни и индивидуални боксови со 17 места и прасилиште претставено во 4 простории со индивидуални боксови и капацитет за 35 маторици.

На локацијата се наоѓаат три бунари кои заради слабата издашност со вода се ставени вон употреба. За потребите на инсталацијата со чиста вода, Операторот има склучено Договор со Агроиндустриската групација "Агриа". Агриа како давател на услуга ќе врши постојано снабдување на инсталацијата со вода од извор за кој има прибавено Дозвола за водоснабдување за технолошки потреби Б-1 бр 11-УП1 бр.200 од 26.05.2019г.

На предметната локација во склоп на магацинот за суровини е инсталирана мелница за дробење и уситнување на зрнестата храна со мешалка, со капацитет од 2000 кг/час и два силоси за храна.

Технолгијата која се применува во одгледувањето на свињи е пропишана според упатства на испорачателот на опремата (BIG DUTCHMAN), како и препораките за дневна контрола на здравствен статус на животните, вентилација, осветлување, температура, конзумирање храна и вода и смртност.

Покрај горенаведените препораки кои се применуваат во инсталацијата се одвиваат и дополнителни активности како изѓубрување, постапување со изумрени животни и постапка на продажба на животни.

Во објектот е изведена електрична инсталација и соодветна опрема за одгледување на животните и обезбедување на нивна благосостојба. Од опрема се инсталирани поилки, вентилатори и греалки, а хранењето се врши рачно. На дел од објектот односно во Б-фазата е поставено и дополнително греење со систем за зонско греење преку електрични грејни плочи.

Проветрувањето на објектот е природно со помош на прозорци и принудно со 23 ѕидно поставени вентилатори со уреди за автоматско регулирање.

Хигиената на инсталацијата започнува со постапка на механичко чистење на површините во просториите и опремата, а потоа миење и дезинфекција.

Водата од миењето на просториите и опремата поминува низ решеткаст под и заедно со отпадот од фекалии и урина во вид на течен измешан отпад се собира во бетонирани канали изведени под објектот. Насобраното ѓубривото во каналите заедно со отпаданата вода од миење повремено или по потреба се испушта преку сифони во централна колекторска цевка која продолжува во бетонски резервоар со капацитет од 80м$^3$.

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната Дозвола е издадена согласно член 116 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за Дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на РМ" бр. 89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

# Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Друштвото за производство, сточарство, свињарство, трговија и услуги ДАНГАЛ 09 ДООЕЛ извоз увоз Велес е оператор на инсталација за интензивно свињарство. Објектот е лоциран на КП 49/1 и КП 49/2, КО Црквино, м.в. Венуле, на 10 км одалеченост од градот Велес.

Инсталацијата е лоцирана од десната страна на локалниот пат до село Црквино и е на оддалеченост од 800 м до регионалниот пат Велес – Градско.

Таа е изградена во периодот од 2008г. до 2010г. на земјиште во сопственост на Операторот со површина од 840 м$^2$ на КП 49/2 и Имотен лист бр.435, КО Црквино и на дел од КП 49/1 со површина од 1450м$^2$ со Имотен лист бр. 526, КО Црквино.

Објектите лоцирани на КП 49/1 се потврдуваат со Одобрение за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште со бр. 1307-78 од 02.04.2018г., издадено од Општина Велес со намена Ф-фарма во Имотен лист бр. 526 КО Црквино, издаден од Агенција за катастар на недвижности на РМ. За Објектите лоцирани на КП 49/2 КО Црквино, Операторот поседува решение УПбр.1306-2986 од 20.04.2016г. издадено од страна на Општина Велес, заведено во Имотен лист бр. 435, КО Црквино, издаден од Агенција за катастар на недвижности на РМ.

Технолошката постапка на одгледување на свињи започнува со набавката на назимки и нивно вселување во претходно исчистена и дезинфицирана просторија во објектот поточно во просторијата-припустилиште. По 5 дена престој се врши нивно вакцинирање од страна на стручно лице од Ветеринарната станица, овластена институција од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. На достигната зрелост на назимката се врши нејзино вештачко оплодување. После одреден период односно по 110 дена се опрасуваат од една мајка маторица во просек по 12 прасиња, по што следи нивна повторна вакцинација и се пристапува кон давање на соодветна доза на витамини. После 28 дена прасињата се одделуваат од мајката, односно од припустилиште се одведуваат во Б-фаза и се одгледуваат до постигнување на нивна тежина од 25кг. По одгледувањето во Б-фазата прасињата се префрлаат во просторијата за товење односно настапува период на гоење и достигнување на тежина од 100 кг.

После секој турнус во објектот се пристапува кон темелно чистење, дезинфекција и подготовка на секоја просторија за новиот циклус.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55, став 2, Глава 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за Интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина и постапката за измена на Б-Интегрираната еколошка Дозвола по барање на носителот на Дозволата или по службена должност, утврдена во член 11 од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка Дозвола ("Службен весник на РМ" бр. 112/14).

Органот надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка Дозвола на секои 7 (седум) години ќе ги проверува условите утврдени во Дозволата и доколку е потребно истите ќе ги промени.

Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 од Законот за животната средина и во согласност со член од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка Дозвола ("Службен весник на РМ" бр. 112/14).

## Одземање и престанок на Дозволата

Оваа Дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдни во согласност со Законот за животната средина и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка Дозвола ("Службен весник на РМ" бр. 112/14).

Изѓубрувањето од инсталацијата се врши преку бетонскиот резервоар од каде насобраното ѓубриво во форма на суспензија два пати годишно или по потреба се црпи со помош на цистерна и се транспортира на однапред утврдена локација со обработливо земјиште согласно одобрен и заверен План за изѓубрување. За таа цел, Операторот има склучено Договор за изѓубрување со БОНИК ФАРМЕР ДООЕЛ Велес, на КП 36, КО Грнчишта, м.в Драчев дол.

Комуналниот, комерцијалниот и индустриски неопасниот отпад се собира и транспортира од страна на ЈКП Дервен како овластен оператор врз основа на склучен Договор.

Здравствена заштита на свињите се врши од страна на лиценциран правен субјект Ветеринарната станица од Велес врз основа на склучен Договор за здравставена заштита на животните.

Во Планот за подобрување се содржат мерки и активности кои во периодот од поднесување на барањето до издавањето на Б-Интегрираната еколошка Дозвола се веќе имплеметирани, како што е поставување на дезинфекциона бариера, а во тек е изградбата на бариера со прскалки за дезинфекција на возила кои пристигнуваат на локацијата.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | |
|---|---|
| Сопственик на Дозволата | Број на Дозволата<br>Дата на издавање |
| | Ова е прва Б-Интегрирана еколошка Дозвола на инсталацијата. |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| / | | |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

## Бр. 08-2997/8

Градоначалникот на Општина Велес, во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), го овластува Операторот на инсталацијата – Управител на

## ДПССТУ "ДАНГАЛ 09" ДООЕЛ извоз-увоз Велес

со регистрирано седиште на

**ул. Кирил Пејчиновиќ бр. 20**
**1400 Велес**
**Република Македонија**

**ЕМБС: 6411983**

да раководи со Инсталацијата
**Друштво за производство, сточарство, свињарство, трговија и услуги ДАНГАЛ 09 ДООЕЛ извоз-увоз Велес**
**м.в. Венуле, КП 49/1 и КП 49/2, КО Црквино**
**Општина Велес**

во рамките на Дозволата и условите во неа.

**Градоначалник**
**на Општина Велес**
**Аце Коцевски**

**Датум: 08.11.2019г.**

Преглед на барани и доставени документи:

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање<br>бр. 23-2997/1 | 08.08.2019 | Доставено е барање до Надлежниот орган |
| Записник<br>бр. 23-2997/2 | 05.09.2019 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Налог за пресметување и плаќање на надоместок за поднесување на барање<br>бр. 08-2997/3 | 05.09.2019 | Уплатен е надоместокот |
| Договор<br>бр. 23-2997/4 | 17.09.2019 | Доставен е Договор за користење на услуги за користење на вода со Агроиндустриска групација АГРИА |
| Објава на барањето<br>бр.08-2997/5 | 17.09.2019 | Објавено е барањето на веб страна на Општина Велес и дадена е можност за учество на јавноста во постапката. Не се доставени забелешки |
| Нацрт-Дозвола<br>бр.08-2997/6 | 24.10.2019 | Објава на Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола на веб страната на Општина Велес. |
| Допис за достава на Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола<br>08-2997/7 | 24.10.2019 | Нацрт-дозволата е доставена до операторот за коментар и забелешки. |
| Б-Интегрирана еколошка дозвола<br>бр. 08-2997/8 | 08.11.2019 | Одлучено позитивно. |

1.1.3 Носителот на Б-Интегираната еколошка Дозвола / Оператор на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени во оваа Дозвола.

1.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат така како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.1.5 Оваа Дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето согласно Законот за животната средина и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.6 Операторот на инсталацијата е должен да плати Годишен надоместок за поседување на Б-Интегрирана еколошка Дозвола. Начинот и рокот на плаќање на надоместокот ќе биде утврден во налог. Неплаќањето на надоместокот согласно налогот ќе претставува услов за одземање на Дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

1.1.7 Оваа Дозвола е со важност од 7 години, сметајќи од денот на издавање на Дозволата.

1.1.8 Операторот на инсталацијата е должен една година пред истекот на рокот на важност на Дозволата да поднесе барање до Надлежниот орган за обнова на Дозволата.

1.1.9 Активностите во инсталацијата ќе се извршуваат на КП 49/1 и КП 49/2, КО Црквино и истите се прикажани на следните сликите преку Графички приказ на објектите во инсталацијата:

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Глава 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за Дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Глава 2<br>6. Останати активности<br>6.6. Инсталации за интензивно живинарство или свињарство со капацитет од:<br>(б) 100 до 2.000 места за гоење на свињи (над 30 кг.)<br>(в) 50 до 750 места за маторици | Инсталација за интензивно свињарство | Капацитет од:<br>-150 места за маторици<br>- 850 места за гоење на свињи (над 30 кг.) |

1.1.2 Активностите овластени во условот 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во Табела 1.1.2. (КП 49/1 и КП 49/2, КО Црквино).

| **Табела 1.1.2** | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Скица на премерување | Графички приказ на инсталацијата<br>КП 49/1<br>КП 49/2<br>КО Црквино |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС




| бр. на точка | y | x | бр. на точка | y | x |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 568815.722 | 613989.070 | 10 | 568799.105 | 613988.076 |
| 2 | 568809.139 | 613976.017 | 11 | 568806.265 | 613991.692 |
| 3 | 568803.529 | 613985.129 | 12 | 568799.722 | 614002.033 |
| 4 | 568810.111 | 613989.182 | 13 | 568806.629 | 614018.763 |
| 5 | 568812.539 | 613985.239 | 14 | 568825.116 | 614011.331 |
| 6 | 568815.860 | 613982.284 | 15 | 568828.741 | 614019.912 |
| 7 | 568819.043 | 613982.115 | 16 | 568800.974 | 614031.325 |
| 8 | 568808.302 | 613992.130 | 17 | 568788.127 | 613999.569 |
| 9 | 568801.720 | 613988.067 | 18 | 568795.707 | 613992.896 |

Слика 2. Графички приказ на КП 49/2




Друштво за геодетски работи
ГЕОБИРО В-Б ДОО Велес
ул.11<sup></sup>-ти Октомври бр.2 Велес
тел/факс : 043 / 231-002

КО : Црквино

СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ НА КП 49/1
Приближен размер 1 : 500




Велес 13-07-2013 година

М.П. Изготвил :
Ванче Стоилков

Слика 1. Графички приказ на КП 49/1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 2. Работа на инсталацијата

### 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Управителот на инсталацијата е одговорно лице за прашањата од животната средина кое е соодветно обучено и ќе биде целосно запознаено со условите и мерките во Дозволата.

2.1.2 Операторот е должен за спроведување на условите и мерките од оваа Дозвола, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата, спроведување на мерките за подобрување на процесот, одржување на воспоставената процедура за комуникација со Надлежен орган.

2.1.3 Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина ако тоа евентуално се случи.

2.1.4 Операторот при управувањето со инсталацијата ќе ги одржува воспоставените стандарди за намалување на влијанието врз животната средина: добра производна пракса, соодветно вентилирање на објектите, редовно изѓубрување, минимизирање на емисиите на непријатна миризба преку одржување на системот за автоматска вентилација, одржување на системот за ладење на објектите и со задолжително внимание ќе ги спроведува санитарно-хигиенските мерки во инсталацијата.

2.1.5 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој извршува работа за која се однесуваат некои од условите и мерките во Дозволата.

2.1.6 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите и мерките на Дозволата кои се релевантни на нивните должности и кои ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.7 Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа Дозвола на соодветните вработени лица.

### 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорено со Надлежниот орган во писмена форма.




Мапа на инсталацијата и целокупниот објект сл.1

Слика 3. Мапа на локацијата

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

2.2.7 Операторот за потребите на инсталацијата ќе обезбедува вода врз основа на склучен Договор за користење на услуги со Агроиндустриска групација АГРИА. По истекот на овој период Операторот е должен да го извести Надлежниот орган за начинот на водоснабдување на инсталацијата. Операторот строго ќе ги почитува условите пропишани во Договорот.

2.2.8 Кога ќе се создадат технички услови за поврзување со водоснабдителниот систем во близина на локацијата на инсталацијата, Операторот ќе се поврзе на системот само и исклучиво со одобрение од Надлежен орган.

### 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

**Табела 2.3.1: Ракување и скалдирање на отпадот**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
|---|---|---|
| Нус-производи од животинско потекло (Трупови од мртви животни) | Барање – поглавје 1.7 | 08.08.2019 |
| Течен отпад од изѓубрување | Барање – поглавје 1.7 | 08.08.2019 |
| Отпад од пакување– картонска/пластична амбалажа од средствата за хигиена и дезинфекција | Барање – поглавје 1.7 | 08.08.2019 |
| Комунален/комерцијален отпад | Оваа Дозвола | / |
| Отпад од пакување- отпадни вреќи од пакување на сточната храна (натрон и јутени) | Оваа Дозвола | / |

2.3.2 Операторот при вршење на операциите на изѓубрување од објектите за одгледување на животните, ѓубривото ќе го одведува со помош на авто-цистерна и ќе изѓубрува исклучиво согласно склучен Договор со БОНИК ФАРМЕР ДООЕЛ, на земјоделско земјиште што се наоѓа во м.в. Драчев дол, на КП 36, КО Грнчишта.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| **Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Небукарени назимки | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| *Храна – крмна смеса* | | |
| Јачмен (меркантилен) | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| Пченка | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| Соино ќоспе | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| Сточно брашно | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| Премикси од амино киселини, витамини и минерали за прасиња, маторици и спрасни маторици | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| *Средства за дезинфекција и уништување на штетници* | | |
| Бактосал | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| Хлор (90% Натриум хипохлорид) | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| *Енергенси* | | |
| Електрична енергија | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| *Вода* | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |
| *Амбалажа за пакување на добиточна храна* | Барање- поглавје 1.6 | 08.08.2019 |

2.2.2 Концентратите за исхрана Операторот ќе ги чува во магацински простор во посебни вреќи од производителот. Дел од произведената добиточна храна во вид на концентрирани смески во млинот ќе се пакува во полипропиленски вреќи.

2.2.3 Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето.

2.2.4 Ракувањето со суровините и хемикалиите, посебно со средствата за дезинфекција ќе се извршува според упатствата и препораките од производителот и упатството за безбедно ракување со материјалите (Material Safety Data Sheet) и за нив ќе се води евиденција. Операторот ќе ги чува овие средства на посебно место, означено и заштитено.

2.2.5 Објектите за одгледување на свињи ќе се чистат со вода под притисок и се дезинфицираат по завршување на секој турнус.

2.2.6 За одржување на санитарно-хигиенските услови во инсталацијата Операторот ќе ги користи исклучиво оние препарати кои се наведени во табела 2.2.1-Средства за дезинфекција и справување со штетници. За секоја промена на препаратите писмено ќе го извести Надлежниот орган.

2.3.14 На кругот на инсталацијата и работниот простор нема да има отпадоци или било какво истекување на ѓубриво и отпадна вода. Во рамките на работните процедури, Операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпад.

2.3.15 За активностите кои се поврзани со операциите за постапување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција и за овластени лица на Надлежниот орган во секое време.

2.3.3 Во случај на раскинување на Договорот за изѓубрување Операторот е должен да поседува важечки договор со друг сопственик/корисник на земјоделски површини, на локација за изѓубрување која претходно ќе биде одобрена од Надлежниот орган.

2.3.4 Изѓубрувањето од објектите за одгледување на свињи Операторот ќе го врши на следниот начин: отпадот од инсталацијата составен од животински измет, урина и отпадна вода од перење и одржување на објектите од секој објект каде што се сместени свињите преку решеткастиот под по пат на гравитација истекува во една заедничка колекторска цевка и продолжува во водонепреопусен резервоар за складирање на течниот отпад - ѓубриво со капацитет од 80м$^3$. При заполнување на резервоарот со ѓубриво преку два отвора обезбедени со фланши ќе се врши препумпување во цистерна која ќе го транспортира надвор од границите на инсталацијата, исклучиво до локацијата на изѓубрување.

2.3.5 Планот и начинот на расфрлање на ѓубривото ќе се реализира во координација со сопственикот на земјоделските површини.

2.3.6 Операторот е должен да води уредна евиденција за денот на празнење на резервоарите за ѓубриво, количината на ѓубриво и локацијата на изѓубрување. Евиденцијата ќе се води во дневник за оваа намена.

2.3.7 Во инсталацијата Операторот нема да врши одгледување на свињи на начин кој овозможува дополнително суво изѓубрување и рачно изѓубрување.

2.3.8 Изѓубрувањето Операторот ќе го врши исклучиво преку ден, а во летниот период изѓубрувањето ќе го врши исклучиво во раните утрински часови до 06.30 часот.

2.3.9 Операторот нема да врши изѓубрување во време на вегетациски период, кога во рок од 48 часа се прогнозираат обилни врнежи, кога почвата е заситена со вода или снег и кога има метеоролшки услови кои овозможуваат зголемување на миризбата.

2.3.10 Лешевите од изумрени животни Операторот ќе ги спакува во подврзани вреќи, ќе ги складира во посебни обележани садови за оваа намена и ќе ги предаде на овластеното правно лице за постапување со нус-производи од животинско потекло со кој ќе склучи договор, еден месец од денот на добивањето на оваа Дозвола.

2.3.11 За собирање и транспортирање на комуналниот/комерцијалниот отпад Операторот ќе поседува договор склучен со овластен оператор за управување со отпад.

2.3.12 За предавањето на било кој вид на друг отпад кој се предава на овластени постапувачи, Операторот е должен да поседува важечки договор.

2.3.13 Операторот нема да врши истурање, фрлање, горење или согорување на отпад во границите на инсталацијата.

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Во границите на инсталацијата нема да се вршат операции на преработка и одлагање на отпад.

| Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Во инсталацијата нема да има преработка и одлагање на отпадот. | | |

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е пропишано во документите наведени во Табелата 2.5.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување хаварии и реагирање во итни случаи | Барање - поглавје 1.15 | 08.08.2019 |
| Превентивни мерки | Барање - поглавје 1.15 | 08.08.2019 |

2.5.2 Операторот е должен доследно да го следи пропишаните постапки од документите наведени во Табела 2.5.1 и да ги спроведува мерките за спречување и контрола на несакани дејствија.

2.5.3 Операторот документите наведени во табела 2.5.1 ќе ги ажурира на секои 5 години започнувајќи од денот на издавање на оваа Дозвола.

2.5.4 Во случај на несреќа/хаварија Операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии,
- Го процени загадувањето на животната средина ако го има предизвикано со инцидентот,
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,
- Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,
- Го забележи датумот на несреќата,
- Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти.

2.5.5 Операторот е должен во случај на хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган и да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата,
- Присутните супстанции за време и по хаваријата,
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата,
- Превземените вонредни мерки.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



| Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Нус-производи од животинско потекло (Трупови од мртви животни) | Во посебни садови | Во ПВЦ вреќи | Во подврзани вреќи, во ладилник/сандак кој се користи исклучиво само за таа намена, а по писмено барање до ЈКП Дервен за постапување со нус-производи од животинско потекло се собира и транспортира до општинската депонија |
| Течен отпад од изѓубрување | Во канали за изѓубрување под објектите до собирен бетониран резервоар | Во собирни канали за изѓубрување преку колекторска цевка до резервоар за изѓубрување | Од канали се одведува преку колекторска цевка во резервоар за ѓубриво од каде преку два отвора се испумпува во цистерна, а потоа се постапува согласно договорот за изѓубрување на земјоделски површини. |
| Комунален отпад/комерцијален отпад | Во садови за комунален отпад/стандардизирана канта од 120л. во дворот на инсталацијата | Во садови за отпад | Во садови за отпад по што се собира и транспортира од страна на овластен оператор за управување со отпад |
| Отпад од пакување-отпадни вреќи од пакување на сточната храна (натрон и јутени) | Во садови за отпад во дворот на инсталацијата | Во садови за отпад | Се реупотребуваат додека се во добра состојба, по што се собираат и транспортираат од страна на овластен оператор за управување со отпад |
| Отпад од пакување–картонска/пластична амбалажа од средствата за хигиена и дезинфекција | Во границите на инсталацијата | Во садови за селектирање на отпад од пакување | Времено ќе се складира во границите на локацијата во означени садови за селекција до 3 години од денот на неговото создавање, по што се предава на овластен оператор за постапување со опасен отпад |
| Санитарна отпадна вода | / | / | По изградбата на повеќенаменски објект за вработените, санитарната отпадна вода ќе се одведува до засебна армирано-бетонска септичка јама која ќе се празни од страна на овластен оператор согласно склучен договор. |

| Табела 2.7.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применето** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање – поглавје 1.16 | 08.08.2019 |

2.7.2 По престанок со работа на инсталацијата, Операторот е должен да го спроведе Планот за управување со резидуи разработен во Барањето со прикажан детален опис на активности и нивна финансиска проценка. Активностите поврзани со расчистување, чистење, демонтажа и отстранување на опремата и постројките од локацијата, дислокација на суровини, помошни материјали, енергенси и отпад, како и ремедијација на контаминирани површини задолжително ќе се спроведат.

2.7.3 Операторот ќе врши континуирано ажурирање на Планот за управување со резидуи во зависност од потребите и можните измени на локацијата.

2.7.4 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животната средина.

**2.8 Инсталации со повеќе оператори**

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден Оператор.

2.8.2 Оваа Дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата означени во табела 1.1.2 од оваа Дозвола.

2.5.6 Во рок од еден месец од несреќата Операторот треба да достави предлог до Надлежен орган за идентификувани и поставени мерки за да се избегне повторно случување на несреќата.

**2.6 Мониторинг**

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1 : Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Емисии на испарливи органски соединенија (водороден сулфид, метил меркаптан, јаглерод дисулфид) и амонијак | Оваа Дозвола | / |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

**а.** Безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведен во релација со точките на емисија наведени Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот;

б. Безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведуваат според пропишани методи и стандарди и од страна на акредитирана лабораторија.

2.6.4 Мониторингот ќе се врши во услови на оперативност на инсталацијата при задоволителни временски услови.

2.6.5 Операторот е должен извештаите од мониторингот да ги доставува до Надлежниот орган во временскиот период наведен во услов 4.1.2 од оваа Дозвола.

**2.7 Престанок со работа**

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табелата 2.7.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

3.1.7 Операторот е должен, за време на важноста на Дозволата и пет години по истекот на нејзината важност, да ги чува сите документи и податоци во врска со Дозволата, издавањето и мониторингот предвиден со задолжителните услови во интегрираната Дозвола и да ги направи достапни по барање на надлежниот орган и инспекциските органи.

3.1.8 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при надзор на инспекциски орган ќе овозможи увид на:

- Дозволи поврзани со инсталацијата,
- Записи од сите земања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата,
- Целата преписка со Надлежниот орган.

3.1.9 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Записот треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му ја достави евиденцијата за инцидентот на Надлежниот орган.

ОПШТИНА ВЕЛЕС РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

# 3 Документација

3.1.1 Операторот на инсталацијата ќе води документација со податоци за:

**а.** секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

**б.** целиот спроведен мониторинг, земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од услов 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

**а.** да бидат читливи;

**б.** да бидат направени што е можно побрзо;

**в.** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, Операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад;
- Име на правното лице задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената Дозвола за постапување со отпад;
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзината соодветност да го прифати упатениот отпад;
- Документ за прифаќање и одлагање/преработка на отпад кој е испратен надвор од локацијата;
- Количините и означување на типовите на отпад кои се според Листата на видови на отпад ("Сл. весник на РМ" бр.100/05).
- Состав на отпадот или онаму каде што е можно, опис.

3.1.6 Операторот на инсталацијата за којашто се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а. кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која ја надминува граничната вредност или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б. кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в. кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г. било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

а. перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава Дозволата;

б. престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

в. повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.2 (б).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а. било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

б. промена на податоците за холдинг компанијата на Операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога Операторот станува дел од неа);

в. за активности кога Операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, Операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

а. во однос на наведени емисиони точки;

б. за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2;

в. давање на податоци за резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

г. испраќање на извештај до Надлежниот орган:

д. за Годишните извештаи наведени во табела Д 2 од Додаток 2 - до 28 февруари во тековната година за извештаи од претходната година.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

6.1.3 Операторот е должен да води грижа за минимизирање на емисиите на непријатна миризба, за времето и правецот на дување на ветерот при чистењето на каналите и празнењето на собирниот резервоар.

6.1.4 Операторот е должен да го одржува воспоставениот соодветен режим на регулација на микроклиматските услови (температура, влажност, работа на системот за принудна вентилација) во инсталацијата.

6.1.5 Операторот е должен да ги спроведува санитарно-хигенски услови во инсталацијата, континуирано одржување на чистотата, редовно отстранување на остатоците од органски материи и дезинфекција на просториите и опремата за одгледување на свињи.

6.1.6 Операторот е должен соодветно да ја регулира автоматиката на вклучувањето на принудната вентилација во објектите за одгледување на свињи, како и да изврши соодветно зголемување на временскиот период за работа на вентилацијата во летниот период, но и при поплака од соседство или било какво влијание на појава на емисиите на непријатна миризба.

6.1.7 Операторот е должен да обезбеди и да одржува зелен појас на границите на инсталацијата за заштита од непријатна миризба.




Слика 4. Мапа на изворите на емисија во воздух

### 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одлагање за секоја непредвидена емисија во почвата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздухот од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела.

| **Табела 6.1.1 : Главни емисиони точки во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| А1 | Тов1 | Вентилациони отвори |
| А2 | Тов2 | Вентилациони отвори |
| А3 | Б-фаза | Вентилациони отвори |

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во временски период на важност на Дозволата.

| **Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија** | | | | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **А1** | | **А2** | | **А3** | | |
| **Водороден сулфид** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентација** | Еднаш на две години |
| | 5 | (mg/m$^3$) | 5 | (mg/m$^3$) | 5 | (mg/m$^3$) | |
| **Амонијак** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентација** | Еднаш на две години |
| | 500 | (mg/m$^3$) | 500 | (mg/m3) | 500 | (mg/m$^3$) | |
| **Метил меркаптан** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентација** | Еднаш на две години |
| | 20 | (mg/m$^3$) | 20 | (mg/m3) | 20 | (mg/m$^3$) | |
| **Јаглерод дисулфид** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентрација** | **Оваа Дозвола** | **Концентација** | Еднаш на две години |
| | 100 | (mg/m$^3$) | 100 | (mg/m3) | 100 | (mg/m$^3$) | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во Табелата.

| Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Количество** |
| / | | |

6.3.2 Операторот не смее да ги испушта отпадни води од технолошкиот процес односно санитарно-фекалните води во животната средина. Отпадната вода која се создава од процесот на одгледување на свињи се собира во каналите па во водонепропусен резервоар.

6.3.4 Санитарната отпадна вода од објектот-викенд куќа во границите на инсталацијата се одведува во засебна јама за санитарна отпадна вода. По изградбата на повеќенаменски објект за вработените, оваа санитарна вода ќе се одведува до бетонирана јама за санитарна вода и истата ќе се празни од страна на овластен оператор.

6.3.5 Операторот ќе врши редовно празнење, редовна контрола и заштита од истекување на резервоарот за отпадна вода односно за ѓубриво.

6.2.3 Операторот ќе се грижи за интегритетот на резервоарот за складирање на ѓубриво. Тој ќе презвземе итни и неодложни мерки при евентуални негативни влијанија и непредвидени истекувања. Ако се работи за истекување на поголеми количини, неодложно ќе го извести Надлежниот орган.

6.2.4 Операторот нема да дозволи заполнување на каналите за ѓубриво и ќе спречи секакво истекување на површината на почвата и навлегување на отпадните води во истата.

6.2.5 Операторот ќе постапува со должно внимание и ќе спречи било какво дотекување на вода во објектите за складирање на суровини или каналите за ѓубриво, кое ќе предизвика загадување на животната средина.

6.2.7 Операторот ќе обезбеди канализирано истекување на атмосферската вода и ќе постави олуци на објектите за Тов1 и Тов2. По уредување на дворната површина, истата ќе ја одржува и нема да се дозволи растурање на отпадните води во околината.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

/

**6.4 Емисии во канализација**

6.4.1 Емисии во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот9ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1 : Точки на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| Од инсталацијата нема испуштање на отпадни води во канализационен систем. | | |

6.4.2 Кога ќе се создадат техничи услови и изградба на канализационен систем во близина на инсталацијата, Операторот е должен да ги поврзе санитарните отпадни води на канализациониот систем.

**6.5 Емисии на топлина**

/

**6.6 Емисии на бучава и вибрации**

6.6.1 Операторот во границите на инсталацијата нема да создава бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на околината.

6.6.2 Мелењето, мешањето и подготовката на крмната смеска и други суровини за исхрана на животните Операторот ќе го врши во пристојно време во текот на денот, во најкраток можен рок, со најмало можно влијание на бучавата во животната средина.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Табела 8.1.1 : Програма за подобрување**

| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|
| 8.1 | Едукација и тренинг обука на вработените | континуирано |
| 8.2 | Градежни зафти за целосно уредување на објектот преку изведба на:<br>-парапети и бетонски тротоар околу објектите во ширина од 1 м,<br>-фасада на дел од објектот во Тов 1 и во Б-Фазата со изолација на ѕидовите ,<br>-олуци на дел од објектите за Тов 1 и Тов 2 | 31.12.2020 |
| 8.3 | Изградба на повеќенаменски објакт со пракинг простор за:<br>- административни дејности,<br>- чуварска служба,<br>- санитарен чвор за потребите на вработените | 31.12.2020 |
| 8.4 | Одржување на против пожарни апарати | континуирано |
| 8.5 | Уредување на внатрешните сообрќајници, хортикултурно уредување на дворот, фасади на објектите | 31.12.2020 |
| 8.6 | Склучување Договор за превземање на отпад од изумрени животни со овластен оператор | Во рок од еден месец од денот на добивање на оваа Дозвола |
| 8.7 | Решение за обезбедување на чиста вода во инсталацијата по истекот на дважачкиот Договор со Агроиндустриската групација АГРИА | Октомври 2022г. |

# 8 Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спреоведе договорените мерки наведени во Табелата 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

8.1.2 Во согласност со најдобри достапни техники Операторот ќе имплементира:

-упатства и програми за оддржување за да се осигура дека структурата и опремата се во добри работни услови и дека објектите се чуваат во соодветна состојба;

-план на активностите за местото, како и доставата на суровини и помошни материјали;

-план за соодветна примена на ѓубриво на почва.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на Операторот.

☐ Број на Дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството "или како што е друго договорено написмено" се користи во услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а. Операторот ќе достави до надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

б. Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

- Материјална промена
- Зголемување на природата или количината на било која емисија
- Системите за намалување/третман или преработка
- Опсег на процесите што се изведуваат
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или било каква промена на:
- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание кои би имале влијание врз животната средина ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу.

**Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот**

| Параметар | Точка на емисија | Период за давање извештаи | Почеток на периодот |
|---|---|---|---|
| Емисии на испарливи органски соединенија (водороден сулфид, метил меркаптан, јаглерод дисулфид) и амонијак | А-1<br>Тов 1 | Еднаш на две години | Јуни-октомври 2020 |
| Емисии на испарливи органски соединенија (водороден сулфид, метил меркаптан, јаглерод дисулфид) и амонијак | А-2<br>Тов 2 | Еднаш на две години | Јуни-октомври 2020 |
| Емисии на испарливи органски соединенија (водороден сулфид, метил меркаптан, јаглерод дисулфид) и амонијак | А-3<br>Б-фаза | Еднаш на две години | Јуни-октомври 2020 |